ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Дата: 22.09.2011

# Обраќање на директорката Маја Парнарџиева-Змејкова

## По повод иницијативата за меѓународен ден за ХМЛ

Почитувани,
Ми претставува голема чест што сум поканета како говорник на иницијативата за одбележување на прввиот меѓународен ден на Хроничната миелоидна леукемија. Лично, за прв пат се запознав со проблематиката на оваа болест непосредно по назначување за директор на Фондот за здравство, на првите средби со големиот борец за правата на пациентите, Г-дин Пепо Леви, кој ме информираше за состојбата на пациентите и начините и можностите за лекување во Р.Македонија.
Првите средби со здружението за хронична миелоидна леукемија секогаш ми останувaa во мислите подолго време, ова беше, пред се, поради ограничените можности за лекување на оваа болест, како и асоцијацијата, која секоја личност ја има слушајќи го зборот леукемија.
Медицината, изминативе години, напредува со светлосна брзина и во декадата што помина беа воведени голем број на лекови и процедури за лекување. Откритијата посебно во делот на фармацијата не секогаш го имале посакуваниот ефект и најчесто лековите со најзвучни имиња кои претставувале надеж за илјадници луѓе , потфрлиле и не го дале очекуваниот резултат. Сепак, првите видливи резултати за лекот ИМАТИНИБ пред 5 години кажуваа дека прогнозата за 5 годишно прежување на оваа болест, изнесува фантастични 90% од пациентите кои се третираат. Овој одек низ светот некои го прифатија со восхит, некој го прифатија со резерва, но сепак беше потврда на успешноста за лекување на болеста. Оваа година се поклопуваат, независната студија, која даде 8 годишна стапка на преживување од 95% која коинцидира со животниот век на генералната популација и воведувањето во Република Македонија на лекот на товар на државата а наменет за лекување на ХМЛ.
Оваа година се поклопи и иницијативата, за одржување по прв пат, меѓународен ден на хронична миелоидна леукемија.
Здружението на пациенти за ХМЛ како успешна приказна, оваа година ја исполни својата примарна задача - воведување на лекот на позитивната листа во Р.Македонија.

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Здружението треба со ист ентузијазам да продолжи со својата работа кон подигнување на свесноста кај граѓаните за оваа болест. Потребно е во идниот период Здравствените институции , а во соработка со Здружението, да изнајдеме начин за раноткривање на болеста, а со тоа и овозможување на нормален живот на пациентите.

Почитувани гости, почитувани осигуреници,се надевам дека овој значаен ден, 22 септември, симболичен за сите заболени од ХМЛ, ќе се усвои како меѓународен ден за подигнување на свесноста за ХМЛ
Јас својот скромен придонес ќе го направам со потпишување на меѓународната петиција и ќе ги поттикнам вработените во Фондот да го направат истото.
Впрочем, како директна подршка од институцијата, од денес на веб сајтот на Фондот е поставен знакот за ХМЛ и секој посетител на нашата страница ќе може да пристапи до меѓународната петиција и да ја потпише истата.